# ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ НИЗ ПРИЗМАТА НА ХОЛИСТИЧКИОТ ПРИСТАП

**Алма Тасевска**
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет - Скопје,*
*Институт за педагогија, Република Македонија*
*alma@fzf.ukim.edu.mk*

*УДК: 373.2.014.3(497.7)*

**Апстракт**

Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија, во изминатиот период подлежеше на низа реформи, промени и влијанија кои имаа за цел системско, концепциско, програмско и содржинско иновирање. Како значаен потсистем во кој започнуваат првите организирани и систематски влијанија врз развојот на личноста, особено е битно што, како и на кој начин ќе се пристапи во неговото реформирање. Главната тенденција беше насочена кон надминување на слабостите кои беа евидентирани во пристапите на планирање, програмирање и реализирање на воспитно-образовниот процес. Во таа смисла следеа низа на промени кои главно иницираа разлики во програмската поставеност, како и осовременета концепциска поставеност на следењето и поттикнувањето на развојот на личноста на секое дете од 0 до 6 години. Тематскиот пристап како носечки во дотогашниот период беше надминат со актуализирање на интегрираниот пристап чија аналитичност оди чекор понапред во смисла на хоризонтална и вертикална опфатеност на програмските подрачја. Така осовременета дидактичко-методска определба го промовираше и холистичкиот пристап кој во својата основа вклучува конзистентност и сеопфатност во процесот на стимулирање на сите аспекти од развојот на детската личност.

Вака поставените реформи иницираат концепциско-програмски промени кои треба да бидат основа на дидактичко-методската комбинаторика на секој воспитувач, односно да се даде белег на личното воспитно-образовно креирање и практично пресликување на овие документи како најзначаен сегмент на реформите во предучилишното воспитание и образование.

**Клучни зборови:** *Холистички пристап, концепциски и програмски реформи, предучилишно воспитание и образование*

## Вовед

Севкупниот амбиент на иновирање, преобразување, осовременување и реформирање на образовниот систем, несомнено го зафати и потсистемот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија. Можеби овој потсистем со години наназад е опфатен во низа разновидни проектно-програмски иновации кои директно или индиректно влијае врз сеопфатноста на дејствувањето на овој потсистем. Донекаде е и разбирливо со оглед на фактот што предучилишниот период, иако системски незадолжителен, сепак претставува прв институционален облик на организирано и системско дејствување.

Континуитетот на ваквиот амбиент се забележува и со отвореноста кон поновите трендови на современи пристапи кои првично се одразуваат на концепциската идеологија на предучилишното воспитание и образование, на што

се надоврзува и програмската консеквентност. Овие промени, кои подетално ќе ги анализираме подолу во текстот, ја поставуваат основата за преобразба на она што е видливо како излезен резултат во практичната работа.

Реформскиот пристап кон предучилишното воспитание во Република Македонија ги отвори границите на сликата за развојот на предучилишното дете, преку промоција и поставување на меѓународни искуства во домашен контекст. Во таа смисла сè повеќе се зборува за ран детски развој кој е вграден во Националниот развоен план на Република Македонија за 2008-2013, во кој, во рамките на подобро образование за сите, го вгради и раниот детски развој насочен кон децата од предучилишна возраст. Во таа насока, за да може да се следи развојот на децата од предучилишна возраст се зацрта и донесувањето и имплементацијата на стандардите за рано учење и развој кај оваа возрасна група.

Националното законодавство (Закон за заштита на децата) во Република Македонија го дефинира раниот детски развој како предучилишно образование кое опфаќа покрај мерки за згрижување на децата, мерки и активности за промоција на здравјето и унапредување на интелектуален, емоционален, физички и социјален развој. Згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст се спроведува во детските градинки, а за децата кои не се опфатени во овие установи се предвидени можности за организирање на други скратени вонинституционални форми.

Националната програма за развој на образованието на Р. Македонија се фокусира и на обезбедување контрола на квалитетот на образовниот процес преку Министерството за образование и наука кое презема мерки за перманентно обезбедување на контрола на квалитетот на образовниот систем во Р. Македонија.

Законските документи претставуваат предуслов за понатамошно трасирање на патот кон промени и менување на насоките на дејствување во овој потсистем.

## Состојбата на програмските пристапи во редизајнирањето на предучилишното воспитание и образование

Предучилишното воспитание и образование во Р. Македонија врз основа на својата програмска поставеност го детерминира правецот и пристапот во организирање на дидактичко-методската артикулација на активностите и воопшто целокупниот воспитно-образовен процес. Тематскиот пристап во планирањето може да се каже дека претставува досега најприфатлив и најчесто применуван пристап во организирањето и реализирањето на програмските содржини во овој потсистем. Главната негова карактеристика се состои во организирање на теми и нивна понатамошна логичка разгранетост на суптеми, содржини и активности. Се чини дека ваквата поставеност во голема мера се надградува на месечните, неделните и дневните планирања на воспитувачите и во насока на тоа овозможува временска и дидактичко-методска компатибилност.

Многубројните научни истражувања покажуваат дека тематското планирање во сите свои аспекти води кон опфат на теми во поширока хоризонтална опфатеност, но нешто што со текот на практичните искуства се покажа е недостатокот од вертикална артикулација која би овозможила продлабочена анализа на темата. Токму оваа реалност, всушност, дава белег на тематското планирање и води кон тенденција на надминување на овој недостаток.

Како можност и еден вид отстапување чекор понапред во планирањето се јавува интегрираниот пристап кој претпоставува интегрирање на повеќе програмски подрачја во реализацијата на предвидените активности. Токму овој пристап се базира на активностите, а оттука и на целите кои сакаме да ги постигнеме и се развива во широка насока на вклученост на речиси сите програмски подрачја, каде што секое би го разгледувал проблемот од свој агол. Интегрираното планирање уште е познато и како работа на проекти во кој учествуваат повеќе деца, а активноста ја реализираат од повеќе аспекти, притоа без децидно нагласување и фаворизирање на едно или друго програмско подрачје.

Сепак, современата тенденција во планирањето на воспитно-образовните активности во предучилишниот период на глобално ниво е холистичкиот пристап кој полека навлегува и во нашиот образовен систем. Холистичкиот пристап ги надминува слабостите на интегрираниот пристап во насока на подлабоко проучување на конкретна проблемска ситуација, односно тема, во која се опфатени сите програмски подрачја. Ако интегрираниот пристап подлабоко проучува проблематика во која се опфатени неколку програмски подрачја, тогаш холистичкиот пристап претпоставува **вклучување на сите програмски подрачја** и нивно инкорпорирање во продлабочено проучување на дадена содржина.

## Концептот на холистичкиот пристап во предучилишниот период

Холистичкиот пристап претставува филозофско-образовна ориентација која се базира на премисата дека секоја индивидуа го пронаоѓа својот идентитет, значење и интенција во живот поврзан со општеството, природата и вредностите. Овој пристап го истакнува интринзичното почитување на учењето, поучувањето и воопшто животот во градинката.

Концептот на холистички ориентирана педагогија се однесува на идејата дека сите аспекти од развојот на индивидуата можат да бидат опфатени и не можат сепаративно да се развиваат некои негови одделни компоненти или делови. Холистичкиот начин на дејствување се обидува во целост да го детерминира и надоврзи функционирањето на одделните делови и притоа да опфати и интегрира повеќекратни слоеви на значење и искуство на секое дете.

Во литературата се наведуваат повеќе можности за имплементација на холистичкиот пристап, дефинирани како клучни аспекти на воспитание и образование базирано на холистичкиот пристап:

- Учењето е природно, нужно, експериментално и базирано на соработка;
- Потреба од силно чувство на заедништво и ангажираност помеѓу децата, родителите, воспитувачите и нивната грижа едни за други;
- Почитување на детскиот внатрешен свет преку методи кои го надминуваат надворешниот простор на компетитивна средина, до можности за подлабоки прашања за значењето на животот и учењето;
- Поврзување со сето она што природата го дала, почнувајќи од природата на детето, природните материјали, ресурси, начинот на кој природата функционира и сето тоа да се инкорпорира ПРЕКУ курикулумот.

Холистичкиот пристап и неговата имплементација во детските градинки не значи единствено распоредување на содржините во програмата. Исто така треба да се истакне дека холистичкиот пристап НЕ Е вклучен во програмата. Холистичкиот пристап **ја прави програмата видлива** на свој начин и ја остварува врската помеѓу програмата и случувањата во практиката. Како специфичен пристап, холизмот има свои варијанти и не може да биде унифициран или до крај дефиниран во некоја пишана и систематизирана форма, едноставно тоа е личен белег на секој воспитувач, секоја група и на крајот секоја градинка. Всушност, тоа е начин на кој секој воспитувач го доживува и го прави видлив животот во предучилишните институции.

Учењето и развојот како дел од животот во детските градинки би биле интегрирани преку:

- Задачи, активности, контекст кој има значење за детето, вклучување на практиката и активности кои не секогаш асоцираат на зборот програма, како на пример рутина на грижа, оброк и слично;
- Можности за започнати и до крај завршени објаснувања и игри, без недоречености;
- Интензивни и топли релации кои се поврзуваат заедно;
- Препознавање на спиритуалната, односно идеалистичката димензија на детскиот живот во културен, социјален и индивидуален начин.

Вистинската имплементација на холистичкиот пристап во практиката се соочува со императивот за развој на **„дете во целост"** и треба да претставува значаен предизвик за секој воспитувач. Програмата за предучилишното воспитание особено треба да го рефлектира холистичкиот начин на учење и развој на секое дете. Она што е особено значајно е потребата холистичкиот пристап да ја рефлектира практиката на **детскиот целосен контекст.** Во таа смисла когнитивната, социјалната, културната, физичката и емоционалната димензија на развојот на личноста се претставени интегративно. Холистичкиот поглед на учењето и поучувањето го гледа детето како личност кое сака да учи, и целовитоста ја рефлектира како подобар начин отколку некои индивидуални искуства.

## Заклучок

Во Република Македонија се прават обиди за инкорпорирање на овој пристап во редовната воспитно-образовна практика. Анализата на сите позначајни официјални пишани документи за предучилишното воспитание даваат основа за организирање на овој потсистем базиран на концептот за холистички пристап. Документот на стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години, како клучен документ го промовира холистичкиот пристап. Но, сепак, треба да се истакне дека овој документ нуди само една концепциска рамка која е насока за секој воспитувач кој врз основа на холистичкиот пристап во планирањето ќе има тенденција да ги достигне поставените стандарди преку индивидуален максимум за секое дете.

Најновиот документ, поточно програмата за работа во детските градинки е базирана на стандардите и треба да го следи истиот концепт кој овозможува

програмирање на воспитно-образовната работа врз основа на холистичките принципи.

По долги години се нуди структурно формална промена, реформа во предучилишното воспитание базирана на идеја, концепт и цел. Вака поставените реформски обиди нудат современа научно-теоретска поставеност на предучилишното воспитание и образование, за чија соодветна практична примена можеби ќе биде потребно подолг период на адаптирање и прифаќање на делот што ја поврзува теоријата и практиката, а тоа е процесот на планирање, улогата на воспитувачите и нивната спремност да ја имплементираат оваа идеја во вистинска смисла.

Токму затоа се потребни јасни, конкретни и целосни насоки за вистински холистички пристап кој е многу повеќе филозофско-образовна ориентација, а многу малку едноставен приод во планирањето и програмирањето на секој воспитувач.

## Користена литература

1. Brady, L. (1992), *Curriculum development*, Sydney: Prentice hall
2. *Curriculum guidance for the foundation stage-Investing in our future*, (2000), London:Department for Education and Employment & QCA
3. Дамовска, Л. (2000), *Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование*, Скопје: КРУГ
4. Институт за педагогија. (2000), *Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи)*, Скопје: Филозофски факултет
5. Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007), Скопје: Биро за развој на образованието
6. Marsh, C.J. (1992), *Kurikulum-temeljni pojmovi*, Zagreb: Educa
7. Наставна програма за прво одделение во деветгодишно основно образование, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието
8. Nacionalna programa za razvoj na obrazovanieto vo Republika Makedonija 2005-2015 so pridru`ni programski dokumenti (2006), Skopje: Ministerstvo za obrazovanie i nauka na Republika Makedonija
9. Ново деветгодишно основно училиште (2007), Скопје: Биро за развој на образованието
10. Основи на програмата за воспитно-образовна работа воподготвителната година, (2005), Скопје: Биро за развој на образованието
11. Основи на програмата за воспитно-образовна работа во предучилишното воспитание и образование, (2007), Службен весник на Р. М. Бр.125, стр.12
12. *Програма за воспитно-образовна дејност во предучилишното воспитание и образование*, (1982), Скопје: Републички СИЗ за унапредување на образованието и воспитанието
13. Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години, (2009), Министерство за труд и социјална политика, Скопје: УНИЦЕФ
14. Tricia, D. Ed.(1998), *Researching Early Childhood Education: European perspective*, London: Paul Chapman Publishing Company

www.bro.gov.mk
www.mon.gov.mk
www.mstp.gov.mk
www.unicef.org